EDIH

# Мрежа на Европски Центри за Дигитални Иновации

Покренување на дигиталната трансформација на ЕУ

European Digital Innovation Hubs Network

## Во средиштето на европската дигитална револуција се наоѓа мрежата на европските центри за дигитални иновации (ЕЦДИ).

Динамична, пан-европска заедница на експерти, чија мисија е да го преобликува дигиталниот пејзаж за малите и средни претпријатија (МСП) и организациите од јавниот сектор (ОЈС).

## ЕЦДИ стојат како светилници на дигиталното знаење, го исцртуваат смерот за МСП да се движат низ брзо менувачките текови на денешниот свет кој е предводен од технологијата.

Со искористување на потенцијалот на дигитализацијата, претпријатијата се подготвени да ги подобрат своите производствени процеси, да ја зголемат нивната ефикасност и да ја надминат конкуренцијата.

## Посветеноста на мрежата на ЕЦДИ, ја наминува дигиталната моќ.

Таа се темели на свесен и одговорен пристап за испорака на услуги кои ја негуваат еколошката одржливост.

Со Европската комисија на кормилото, овој потфат обединува повеќе од 200 центри за дигитални иновации (ЕЦДИ), кои се стратешки распоредени низ земјите членки на ЕУ, како и во Исланд, Лихтенштајн и Норвешка.



Впуштете се во ова возбудливо патување заедно со нас, додека ја обликуваме дигиталната иднина на Европа! >>

# Вклучете се

## Како можете да помогнете за да се прошири веста за мрежата на ЕЦДИ?

Зајакнете ја мрежата на ЕЦДИ и нејзината мисија преку креирање и објавување на информативна статија, објава на блог, кој поттикнува на размислување или интересно интервју со претставниците од нашиот центар за дигитални иновации. Споделете ги своите креативни идеи и увиди со нашиот тим.

Воспоставете врски помеѓу вашите настојувања и мрежата на ЕЦДИ каде тоа е применливо (на пример, со представување на релевантни новости на вашата интернет-страница или билтен, поврзување кон интернет-страницата на мрежата на ЕЦДИ на вашата сопствена платформа, учество или организирање на настани фокусирани околу дигитални иновации и споделување на впечатоци за дигиталната трансформација преку вашите налози на социјалните медиуми).

Започнете дискусии за мрежата на ЕЦДИ со вашите колеги, мрежи и други заинтересирани страни и осигурајте се материјалите од мрежата на ЕЦДИ, кои се во овој комплет со алатки да бидат лесно достапни на сите ваши канали за комуникација.

Поддржете ја мисијата на мрежата на ЕЦДИ преку споделување, повторно објавување и одобрување на содржината на социјалните мрежи кои се однесуваат на неа.

Искористете ја секоја можност за промовирање на мрежата на ЕЦДИ, користејќи ги ресурсите дадени во пакетот со алатки за комуницирање.

# Комуникациски материјали

Можете ефикасно да ја пропагирате мисијата на мрежата со помош на нашите сеопфатни комуникациски материјали, кои се дизајнирани да ги направат вашите напори за популаризација впечатливи и привлечни.

## Инфографика

Споделете ја нашата инфографика на вашите канали на социјалните медиуми, интернет-страници или презентации, за да ги пренесете клучните информации за мрежата на ЕЦДИ на јасен и привлечен начин.

## Брошура за услуги

Доставете ја нашата информативна брошура за услуги до потенцијалните засегнати страни и партнери за да им обезбедите детален преглед на нашите услуги и придобивките за клиентите.

## Самонамотувачки банер

Поставете го привлечниот самонамотувачки рекламен банер на настани, конференции или работилници, за да привлече внимание и да поттикне разговори за мрежата на ЕЦДИ

## Видео

Користете го видео клипот како привлечна алатка за прикажување на влијателната работа, целите и успешните приказни на мрежата. Споделете го на различни платформи за да допрете до поширок аудиториум.

## Објави на социјални медиуми

Заштедете време и труд користејќи ги нашите примероци на објави на социјалните медиуми. Тие објави се направени да привлечат внимание и да можат да се споделат, што ви го олеснува ширењето на информациите за мрежата.

## Интернет рекламен банер

Зголемете ја видливоста на мрежата и поддржете ја нејзината мисија со додавање на нашиот банер на вашата интернет-страница.

## Банер за е-пошта

Вклучете го овој банер во своите потписи за е-пошта или билтени, за да ја задржите мрежата на ЕЦДИ на прво место во мислите на вашите професионални контакти.

## Позадина за онлајн средба

За време на вебинари или виртуелни состаноци, поставете го теренот за дискусии за мрежата, користејќи ја нашата прилагодена позадина за онлајн состаноци.

Со овие материјали, што ви се на располагање, можете да играте клучна улога во засилувањето на пораката и влијанието на мрежата на ЕЦДИ. Вашето учество како расширувачки фактор ќе помогне да се забрза дигиталната трансформација, иновациите и растот низ ЕУ.

## Сакаме да чуеме од вас!

Ако ви треба совет или имате прашања во врска со овој пакет со алатки, ве молиме контактирајте не на: info@edihnetwork.eu